| К | К2 | СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ | 7.858 | 2.784 | 0 | 0 | 200 | 69 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.058 | 2.852 |
| К | К5 | СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ | 422.900 | 420.505 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 422.900 | 420.505 |
| М | | **ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ** | **404.960** | **285.459** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **798.845** | **320.176** | **1.203.805** | **605.635** |
| М | МА | ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА | 284.069 | 218.470 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 251.705 | 54.870 | 535.774 | 273.341 |
| М | МБ | ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА | 19.053 | 10.220 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 47.135 | 4.461 | 66.188 | 14.681 |
| М | МВ | РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ | 15.094 | 2.989 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 94.835 | 16.937 | 109.929 | 19.926 |
| М | МГ | РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | 50.905 | 32.072 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 313.170 | 181.742 | 364.075 | 213.815 |
| М | МД | РУРАЛЕН РАЗВОЈ | 35.839 | 21.708 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 92.000 | 62.165 | 127.839 | 83.873 |
| Н | | **ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ** | **544.281** | **519.198** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.367** | **429** | **545.648** | **519.627** |

# Владини програми на Централен буџет

во илјади денари

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 18.559.238 | 17.833.147 | 142.866 | 43.900 | 15.060 | 11.931 | 555.786 | 317.984 | 911.875 | 414.257 | 20.184.825 | 18.621.219 |
| Владина програма | Владина потпрограма | ОПИС | БУЏЕТ 2011 | | | | | | | | | | | |
| | | | Расходи на Основен буџет | | | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од заеми | | Расходи од донации | | Вкупно | |
| | | | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација |
| Н | НА | РАЗВОЈ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИКТ | 544.281 | 519.198 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.367 | 429 | 545.648 | 519.627 |
| **О** | | **РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ** | **129.225** | **125.629** | **20.366** | **2.074** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **149.591** | **127.704** |
| О | ОА | РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ | 129.225 | 125.629 | 20.366 | 2.074 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 149.591 | 127.704 |
| **С** | | **УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** | **79.028** | **74.395** | **122.500** | **41.826** | **0** | **0** | **0** | **0** | **111.450** | **93.623** | **312.978** | **209.845** |
| С | С1 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | 79.028 | 74.395 | 122.500 | 41.826 | 0 | 0 | 0 | 0 | 111.450 | 93.623 | 312.978 | 209.845 |
| **Т** | | **ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО** | **467.086** | **346.126** | **0** | **0** | **0** | **0** | **244.822** | **184.776** | **0** | **0** | **711.909** | **530.902** |
| Т | Т1 | МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ | 2.000 | 1.732 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.900 | 1.051 | 0 | 0 | 8.900 | 2.783 |
| Т | Т2 | МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.600 | 43 | 0 | 0 | 1.600 | 43 |
| Т | ТА | ИЗГРАДБА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | 87.022 | 57.181 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 87.022 | 57.181 |
| Т | ТБ | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | 23.956 | 8.250 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.956 | 8.250 |
| Т | ТВ | ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ САЛИ ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | 167.151 | 163.625 | 0 | 0 | 0 | 0 | 47.822 | 0 | 0 | 0 | 214.973 | 163.625 |
| Т | ТГ | ИЗГРАДБА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА | 32.456 | 11.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 32.456 | 11.000 |
| Т | ТД | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА | 37.856 | 35.211 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37.856 | 35.211 |
| Т | ТЕ | ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ САЛИ ВО СРЕДНИ УЧИЛИШТА | 91.268 | 66.018 | 0 | 0 | 0 | 0 | 188.500 | 183.682 | 0 | 0 | 279.768 | 249.700 |
| Т | ТИ | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ | 3.807 | 822 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.807 | 822 |
| Т | ТК | ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ | 21.570 | 2.287 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.570 | 2.287 |

Бр. 03-14751/ 7
06.09.2013 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 6 став 1 точка 7, член 20 став 2 и член 26 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр. 13/06, 86/08 и 6/10) постапувајќи по барање за слободен пристап до информација од јавен карактер, имателот на информации-Министерство за финансии го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Барањето број 03-14751 од 12.04.2013 година поднесено од страна на барателот Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ, со кое со кое побара пристап до информацијата „Копија од Биланс на приходи и Биланс на состојба за 2012 година, кои Министерството за финансии ги примило од Министерството за здравство", **СЕ ОДБИВА**.

*Образложение*

Постапувајќи по барањето за слободен пристап до информација од јавен карактер број 03-14751 од 12.04.2013 година поднесено од страна на барателот Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ, со кое побара пристап до информацијата „Копија од Биланс на приходи и Биланс на состојба за 2012 година, кои Министерството за финансии ги примило од Министерството за здравство", имателот на информации - Министерство за финансии утврди дека бараната информација согласно со членот 6 став 1 точка 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр. 13/06, 86/08 и 6/10) е исклучок од слободен пристап до информации, а поради следните причини:

Предмет на ова барање се информации кои во овој момент се сеуште во постапка на подготвување. Имено, согласно со постојната законска регулатива Министерството за финансии е одговорно за подготвување на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија која во моментот (за 2012 година) е во фаза на подготовка и по нејзино донесување од страна на Собранието на Република Македонија истата се објавува во службен весник.

Согласно со членот 6 став 1 точка 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација во согласност со закон ако информацијата е „информација од документ што е во постапка на подготвување и се уште е предмет на усогласување кај имателот на информации, чие откривање би предизвикало погрешно разбирање на содржината".

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

Имајќи ја предвид цитираната законска одредби јасно произлегува дека предмет на барање е информација што во овој момент се сеуште е во постапка на подготвување, поради што согласно со членот 6 став 1 точка 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**
**Сектор за правни работи**
**Раководител**
**Игор Димитров**

Изработил:
Службено лице за посредување со информации
Михајло Михајловски

Доставено до:
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ
ул.„Максим Горки" бр.20/1-4, 1000 Скопје

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

Република Македонија

Министерство за финансии

МФРМ.РЕ.750.333/1

Бр. 03-14754/9
19.09.2013 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр. 13/06, 86/08 и 6/10) постапувајќи по барање за слободен пристап до информација од јавен карактер имателот на информации, Министерство за финансии го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

Постапката по барањето број 03-14754/1 од 12.04.2013 година поднесено од страна на барателот Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ, со кое се бара пристап до информацијата „Копија од сите барања за распределба на јавни приходи (образец 78) кои Министерството за здравство ги има доставено до Секторот Трезор при Министерството за финансии, за следните буџетски потпрограми: 51; 52; 53; 54; 55; 56; 57; 58; 59; 60; 61; 62; 63; 64; 65; 66; 67, за цела 2012 година", **СЕ ПРЕКИНУВА.**

***О б р а з л о ж е н и е***

Постапувајќи по барањето број 03-14754/1 од 12.04.2013 година поднесено од страна на барателот Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ, со кое се бара пристап до информацијата „Копија од сите барања за распределба на јавни приходи (образец 78) кои Министерството за здравство ги има доставено до Секторот Трезор при Министерството за финансии, за следните буџетски потпрограми: 51; 52; 53; 54; 55; 56; 57; 58; 59; 60; 61; 62; 63; 64; 65; 66; 67, за цела 2012 година", имателот на информации - Министерство за финансии изврши проверка во своите документи при што утврди дека не располага со бараната информација.

Имено, видно од поднесеното барање се работи за информација за која по извршена проверка од старана на Секторот за трезор се утврди дека како таква не постои односно дека Министерството за здравство во 2012 година нема реализирани барања за распределба на јавни приходи (образец 78).

Поради наведеното, а согласно со членот 26 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер според кој "Ако барањето се однесува на информација со која не располага имателот или ако бараната информација веќе е објавена во согласност со членовите 18 или 23, имателот на информацијата со заклучок ќе ја прекина постапката", се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Барателот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**
**Сектор за правни работи**
**Раководител**
**Игор Димитров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ II СКОПЈЕ

Изработил:
Службено лице за посредување со информации
Михајло Михајловски
Доставено до:
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост
на жените на Република Македонија - ЕСЕ
ул.„Максим Горки" бр.20/1-4, 1000 Скопје

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

Република Македонија
**Министерство за финансии**

Бр.03-28004/3

Скопје 20.09.2013 година

Влада на Република Македонија
Министерство за финансии
Сектор за правни работи
Даме Груев 14
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3106 200
Факс:++ 389 2 3106 459
Mihajlo.Mihajlovski@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

ДО
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија
Г-дин Дарко Антиќ
Ул.Максим Горки бр.20/1-4
Скопје

Предмет: Известување за препраќање на предмет во надлежност

Почитувани,

Во врска со поднесеното барање за пристап до информација од јавен карактер, заведено со наш број 03-28004/1 од 12.04.2013 година, со кое барате пристап до информацијата „Доставете ни копија од сите „Пополнети обрасци за преглед на достасани и ненамирени обврски" кои Министерството за здравство ги има доставено до Министерството за финансии во текот на 2012 година " Ве известуваме дека Вашето барање е препратено до Министерството за здравство, како надлежна институција за одговор на барањето.

Препраќањето е извршено согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а со кој се предвидува препраќање на барањето во случај кога институцијата до која се обратил барателот не располага со бараната информација.

Со почит,

ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Сектор за правни работи
Раководител
Игор Димитров

Изработил:
Службено лице за посредување со информации
Михајло Михајловски

Република Македонија
**Министерство за финансии**

[redacted]

ДО
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија
Г-дин Дарко Антиќ
Ул.Максим Горки бр.20/1-4
Скопје

Бр.03-28007/3
Скопје 10.10.2013 година
Влада на Република Македонија
Министерство за финансии
Сектор за правни работи
Даме Груев 14
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3106 200
Факс:++ 389 2 3106 459
Mihajlo.Mihajlovski@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Предмет: Известување за препраќање на предмет во надлежност

Почитувани,

Во врска со поднесеното барање за пристап до информација од јавен карактер, заведено со наш број 03-14752/1 од 12.04.2013 година, со кое барате пристап до информацијата „Доставете ни копија од годишни и квартални финансиски извештаи (по месец за кварталот – м1, м2, м3 .....до м12.) за користење на средства од Централниот буџет во 2012 година, доставени од Министерство за здравство до Министерство за финансии за следниве буџетски програми: 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62,63, 64, 65, 66, 67." Ве известуваме дека Вашето барање е препратено до Министерството за здравство, како надлежна институција за одговор на барањето.

Препраќањето е извршено согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а со кој се предвидува препраќање на барањето во случај кога институцијата до која се обратил барателот не располага со бараната информација.

Со почит,

ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ПО
ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Сектор за правни работи
Раководител
Игор Димитров

Изработил:
Службено лице за посредување со информации
Михајло Михајловски

Бр. 03-28006/2
14.10.2013 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 6 став 1 точка 2, член 20 став 2 и член 26 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр. 13/06, 86/08 и 6/10) постапувајќи по барање за слободен пристап до информација од јавен карактер, имателот на информации-Министерство за финансии го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

Барањето број 03-14753/1 од 12.04.2013 година поднесено од страна на барателот Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ, поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер со кое се побара пристап до информацијата „Копија од сите барања за плаќање доставени (печатено или електронски) од Министерство за здравство до Секторот Трезор при Министерството за финансии, за следните буџетски потпрограми: 51; 52; 53; 54; 55; 56; 57; 58; 59; 60; 61; 62; 63; 64; 65; 66; 67, за цела 2012 година", СЕ ОДБИВА.

## *Образложение*

На ден 12.04.2013 година барателот Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ, поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер со кое се побара пристап до информацијата „Копија од сите барања за плаќање доставени (печатено или електронски) од Министерство за здравство до Секторот Трезор при Министерството за финансии, за следните буџетски потпрограми: 51; 52; 53; 54; 55; 56; 57; 58; 59; 60; 61; 62; 63; 64; 65; 66; 67, за цела 2012 година".

Постапувајќи по барањето Министерството за финансии како имател на информации на ден 10.05.2013 година донесе Решение број 03-14753/4 со кое барањето го одби како неосновано, а согласно со членот 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Незадоволен од донесеното Решение барателот на ден 15.05.2013 година поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, која постапувајќи по жалбата на ден 22.08.2013 година донесе Решение број 07-303 со кое жалбата ја уважи, Решението број 03-14753/4 од 10.05.2013 година го поништи и предметот го врати на повторно постапување пред првостепениот орган.

Во повторната постапка Министерството за финансии согласно со напатсвијата на повисокиот орган презема дополнителни дејствија во насока на повторна проверка на бараната информација и спроведување на постапка на тест на штетност, по што утврди дека бараната информација согласно со членот 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр. 13/06, 86/08 и 6/10) е исклучок од слободен пристап до информации, а поради следните причини:

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

Предмет на ова барање се информации кои претставуваат лични податоци на физички лица.

Согласно со членот 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација во согласност со закон ако информацијата се однесува на „личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци".

Министерството за финансии спроведе постапка на тест на штетност при што се оцени дека доколку би дошло до давање на информација тоа би подразбирало и повреда на наведената обврска за заштита на личните податоци, што само по себе доведува до појава на правни последици по однос на интересот кој се заштитува.

При утврдувањето на фактичката состојба Министерството за финансии ги имаше предвид напатствијата дадени од страна на повисокиот орган - Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер дадени во Решението број 07-303 од 22.08.2013 година, но по дополнително извршениот увид во наведените образци од страна на Секторот за трезор, видно од дописот број 14752/8 од 07.10.2013 година, се утврди дека истите содржат лични податоци поради што се оцени дека не може да бидат предмет на давање.

Имајќи ја предвид цитираната законска одредба и спроведениот тест на штетност јасно произлегува дека предмет на барање е информација што содржи лични податоци кои доколку се откријат би предизвикале повреда на заштитата на личните податоци, поради што согласно со членот 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**
**Сектор за правни работи**
**Раководител**
**Игор Димитров**

Изработил:
Службено лице за посредување со информации
Михајло Михајловски

Доставено до:
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ
ул.„Максим Горки" бр.20/1-4, 1000 Скопје

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Ип1 бр. 21 –639
Велес, 24.10.2013 год.

Министерство за информатичко општество и администрација

**Државен Управен Инспекторат**
Управен инспектор
Наил Мефаилоски
Велес

Ул.Панко Брашнар б.б
1400 Велес
Република Македонија

Тел. (071) 323-623
Фах. (___) ________
Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail:

До
Здружение за еманципација, солидарност и
Еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ
Ул.Максим Горки бр.20/1-4
Скопје

Предмет : Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, заведено при Државниот управен инспекторат под Ип1 бр.21-639, Ве известувам дека извршен е вонреден инспекциски надзор при Министерството за финансии, со цел службените лица да дадат одговори и презентираат документација со кои што ќе ги дадат потребните објаснувања и податоци за прашањата што се однесуваат на наводите во Вашето барање, како и за превземените мерки за решавање на прашањата-предмет на барањето .

Од извршениот надзор беше констатирано дека Министерството за финансии, како првостепен орган при повторното постапување, утврдило дека бараната информациија не е во негов домен, поради што барањето го препратило до Министерството за здраство на Р.М, за што писмено Ве известило.

Со оглед на ваквата хронолошка состојба, констатирано е дека Министерството за финансии постапило во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за чија што примена согласно чл. 32 ст.1 а.2 (се грижи за спроведување на одредбите на овој закон) надлежна е Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со што Вашето барање е исполнето, а за истото писмено Ве известуваме, како би можеле во понатамошната постапка, своите права да ги остварувате пред надлежниот првостепен орган или пред Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер .

Со почит Ве поздравувам,

Управен инспектор
Наил Мефаилоски

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и
администрација

Ип1 бр. 21 –640
Велес, 24.10.2013 год.

Министерство за
информатичко општество
и администрација

**Државен Управен
Инспекторат**
Управен инспектор
Наил Мефаилоски
Велес

Ул.Панко Брашнар б.б
1400 Велес
Република Македонија

Тел. (071) 323-623
Фах. (___) ________
Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail:

До
Здружение за еманципација, солидарност и
Еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ
Ул.Максим Горки бр.20/1-4
Скопје

Предмет : Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, заведено при Државниот управен инспекторат под Ип1 бр.21-640, Ве известувам дека извршен е вонреден инспекциски надзор при Министерството за финансии, со цел службените лица да дадат одговори и презентираат документација со кои што ќе ги дадат потребните објаснувања и податоци за прашањата што се однесуваат на наводите во Вашето барање, како и за превземените мерки за решавање на прашањата-предмет на барањето .

Од извршениот надзор беше констатирано дека Министерството за финансии, како првостепен орган при повторното постапување, утврдило дека бараната информациија не е во негов домен, поради што барањето го препратило до Министерството за здраство на Р.М, за што писмено Ве известило.

Со оглед на ваквата хронолошка состојба, констатирано е дека Министерството за финансии постапило во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за чија што примена согласно чл. 32 ст.1 а.2 (се грижи за спроведување на одредбите на овој закон) надлежна е Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со што Вашето барање е исполнето, а за истото писмено Ве известуваме, како би можеле во понатамошната постапка, своите права да ги остварувате пред надлежниот првостепен орган или пред Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер .

Со почит Ве поздравувам,

Управен инспектор
Наил Мефаилоски

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Ип1 бр. 21 –641
Велес, 25.10.2013 год.

Министерство за информатичко општество и администрација

**Државен Управен Инспекторат**
Управен инспектор
Наил Мефаилоски
Велес

Ул.Панко Брашнар б.б
1400 Велес
Република Македонија

Тел. (071) 323-623
Фах. (___)________
Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail:

До
Здружение за еманципација, солидарност и
Еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ
Ул.Максим Горки бр.20/1-4
Скопје

Предмет : Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, заведено при Државниот управен инспекторат под Ип1 бр.21-641, Ве известувам дека извршен е вонреден инспекциски надзор при Министерството за финансии, со цел службените лица да дадат одговори и презентираат документација со кои што ќе ги дадат потребните објаснувања и податоци за прашањата што се однесуваат на наводите во Вашето барање, како и за превземените мерки за решавање на прашањата-предмет на барањето .

Од извршениот надзор беше констатирано дека на крајот од поведената постапка, Министерството како првостепен орган при повторното постапување, донело решение бр.03-28006/2 од 14.10.2013г. со кое го одбило Вашето барње.

Со оглед на ваквата хронолошка состојба, констатирано е дека Министерството постапило во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за чија што примена согласно чл. 32 ст.1 а.2 (се грижи за спроведување на одредбите на овој закон) надлежна е Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со што Вашето барање е исполнето, а за истото писмено Ве известуваме, како би можел во понатамошната постапка, своите права да ги остварувате пред Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, како орган нагласен во Упатството за правно средство на донесеното Решение .

Со почит Ве поздравувам,

Управен инспектор
Наил Мефаилоски

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Ип1 бр. 21 –642
Велес, 25.10.2013 год.

Министерство за информатичко општество и администрација

**Државен Управен Инспекторат**
Управен инспектор
Наил Мефаилоски
Велес

Ул.Панко Брашнар б.б
1400 Велес
Република Македонија

Тел. (071) 323-623
Фах. (___)________
Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail:

До
Здружение за еманципација, солидарност и Еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ
Ул.Максим Горки бр.20/1-4
Скопје

Предмет : Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, заведено при Државниот управен инспекторат под Ип1 бр.21-642, Ве известувам дека извршен е вонреден инспекциски надзор при Министерството за финансии, со цел службените лица да дадат одговори и презентираат документација со кои што ќе ги дадат потребните објаснувања и податоци за прашањата што се однесуваат на наводите во Вашето барање, како и за превземените мерки за решавање на прашањата-предмет на барањето .

Од извршениот надзор беше констатирано дека на крајот од поведената постапка, Министерството како првостепен орган при повторното постапување, донело Заклучок бр.03-14754/9 од 19.09.2013г. со кој ја прекинал постапката.

Со оглед на ваквата хронолошка состојба, констатирано е дека Министерството постапило во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за чија што примена согласно чл. 32 ст.1 а.2 (се грижи за спроведување на одредбите на овој закон) надлежна е Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со што Вашето барање е исполнето, а за истото писмено Ве известуваме, како би можел во понатамошната постапка, своите права да ги остварувате пред Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, како орган нагласен во Упатството за правно средство на донесениот Заклучок .

Со почит Ве поздравувам,

Управен инспектор
Наил Мефаилоски

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Ип1 бр. 21 –643
Велес, 04.11.2013 год.

Министерство за информатичко општество и администрација

**Државен Управен Инспекторат**
Управен инспектор
Наил Мефаилоски
Велес

Ул.Панко Брашнар б.б
1400 Велес
Република Македонија

Тел. (071) 323-623
Фах. (___)________
Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail:

До
Здружение за еманципација, солидарност и
Еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ
Ул.Максим Горки бр.20/1-4
Скопје

Предмет : Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, заведено при Државниот управен инспекторат под Ип1 бр.21-643, Ве известувам дека извршен е вонреден инспекциски надзор при Министерството за финансии, со цел службените лица да дадат одговори и презентираат документација со кои што ќе ги дадат потребните објаснувања и податоци за прашањата што се однесуваат на наводите во Вашето барање, како и за превземените мерки за решавање на прашањата-предмет на барањето .

Од извршениот надзор беше констатирано дека на крајот од поведената постапка, Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер донела Решение бр.07-305 од 10.10.2013г. со кое ја отфрлила Вашата жалба.

Со оглед на ваквата хронолошка состојба, констатирано е дека Министерството за финансии постапило во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за чија што примена согласно чл. 32 ст.1 а.2 (се грижи за спроведување на одредбите на овој закон) надлежна е Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со што Вашето барање е исполнето, а за истото писмено Ве известуваме, како би можел во понатамошната постапка, своите права да ги остварувате пред Управниот суд како орган нагласен од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во Упатството за правно средство.

Со почит Ве поздравувам,

Управен инспектор
Наил Мефаилоски